Повеќе од 160 заинтересирани претставници на граѓанските организации беа дел од трите информативни сесии посветени на Повикот за партнерски грантови на Цивика мобилитас што се одржаа во Штип, Гостивар и Скопје. Тие има можност да ги слушнат главните насоки за подготовка на концептите на овој повик, темите и начинот на аплицирање, да поставаат прашања и да ги искористат настаните за вмрежување со колегите од другите организации.



Се што планираат да спроведуваат организациите треба да биде во согласност со целите и резултатите на Цивика мобилитас и во согласност со темите кои се објавија со овој повик: антикорупција, децентрализација, заштита на животната средина, родова еднаквост/социјална инклузија, образование, здравство и млади.

Голем дел од прашањата се однесуваа на подобноста на потенцијалните апликанти, носителите и партнерите; демонстрацијата  на претходно искуство во менаџирање на проекти, финансиски капацитети итн. Во врска со финансиите, интересот беше насочен кон најнискиот и највисокиот износ што може да се побара, распределбата на буџетот

помеѓу партнерите, алоцирањето средства за независна ревизија и сл. Исто така тие се интересираа за опфатот на акциите во географска и во тематска смисла односно, дали акциите можат да се прелеваат нив повеќе теми.




Новина во овој повик е целосното онлајн пријавување за кое е направена посебна платформа  [www.grants.mk](http://www.grants.mk)  (Преземи Водич за креирање профил). Организациите пред да ги поднесат концептите ќе се регистрираат на оваа платформа и ќе си отворат свој профил.

Предложените активности треба да бидат во времетраење од 30 до 36 месеци. Максималниот износ на грантот е 14.500.000 денари, додека пак вкупниот расположлив износ за повикот е 1.800.000 швајцарски франци.




РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
QENDRA QYTETARE E RESURSEVE